**ЗАПИСНИК**
**Од Втората седница на Националниот совет за евроинтеграции**
**одржана на 27 април 2018 година,**
**сала Борис Трајковски**

Седницата на Националниот совет за евроинтеграции започна во 11.35 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше г. Никола Попоски, претседател на Националниот совет за евроинтеграции.

На седницата беше поканет и присуствуваше г.Зоран Заев, Претседател на Владата на Република Македонија.

На седницата присуствуваа г.Лукас Холуб, шеф на политичкиот сектор во Делегацијата на Европската унија во Република Македонија, Н.Е. Иван Великов Петков, амбасадор на Република Бугарија во Република Македонија, чија земја е актуелен претседавач со Советот на Европската унија, амбасадори на земјите-членки на Европската унија во Република Македонија и амбасадори на земјите од процесот на проширување во Република Македонија.

Од Националниот совет за евроинтеграции на седницата присуствуваа: г. Никола Попоски, претседател на Советот, г-ѓа Ивана Туфегџиќ, потпретседател на Советот, членовите на Советот: г.Бујар Османи заменик на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања, пратениците г. Артан Груби, г.Африм Гаши, г.Илија Николовски и г-ѓа Шпреса Хадри и замениците-членови на Советот пратениците г-ѓа Маја Морачанин, г.Благојче Трпевски и г.Фадил Зендели.

На седницата присуствуваа членовите на Советот: г.Бојан Маричиќ од Кабинетот на Претседателот на Владата на Република Македонија, г. Златко Марин од Заедницата на единиците на локалната самоуправа и г.Насер Селмани од Здружението на новинари на Македонија.

Од претставниците на Националниот совет за евроинтеграции на седницата присуствуваа: г-ѓа Савка Тодоровска од Граѓанската платформа на Македонија, г. Шинази Мемеди од Исламската верска заедница, г.Драган Георгиевски од Католичката црква и г-ѓа Викторија Зафиров од Евангелско-методистичката црква во Македонија и замениците-претставници на Советот: г-ѓа Татјана Штерјова од Стопанската комора на Македонија и г-ѓа Ена Абјаниќ од Католичката црква .

На седницата беа поканети претседателите и членовите на Комисијата за европски прашања, Комисијата за надворешна политика, Мешовитиот парламентарен комитет РМ-ЕУ, потпретседателите на Собранието и координаторите на пратенички групи во Собранието.

На седницата присуствуваа претставници од Владата на Република Македонија, Секретаријатот за европски прашања, министерствата, државните органи, универзитетите, граѓанските организации и институти, претставници од Службата на Собранието и медиумите.

На Втората седница на Советот беше предложен и усвоен следниот

**Дневен ред:**

- **Извештај на Европската комисија за Република Македонија за 2018 година.**

**ТОЧКА 1. Извештај на Европската комисија за Република Македонија за 2018 година;**

Извештајот на Европската комисија за Република Македонија за 2018 година пред Националниот совет за евроинтеграции го презентираше ***Шефот за политички односи во Делегацијата на Европската унија во Република Македонија г.Лукас Холуб.*** Од негова страна беа дадени следните препораки и сугестии: и покрај евидентираниот напредок во Извештајот, земјата треба да продолжи со реформите; напредокот не се препишува само на позицијата туку и на учеството на опозицијата во спроведување на реформите; Државната изборна комисија навремено да се формира, со мандат и ресурси за спроведување на задачите на непристрасен, професионален и транспарентен начин, како и да ја зголеми довербата на граѓаните во институцијата;. Собранието треба дополнително да се изгради како форум за конструктивен политички дијалог, да ја подобри законодавната функција со ограничување на донесувањето на закони по скратена постапка. Потребен е функционален надзор над работата на Владата и зголемување на капацитетите за следење на заштитата на човековите слободи и права. Во однос на граѓанското општество треба да се подобри законската и политичката рамка за финансирање и функционирање; да се гарантира професионалност во јавната администрација и почитување на принципите на транспарентност, заслуги и рамномерна застапеност; покрај Специјалното јавно обвинителство и другите институции на многу поактивен начин да водат борба против корупцијата, како и да се зголеми независноста на регулаторните тела со експерти и независен буџет. Се очекува подобра имплементација на законските решенија и подобра ефективност на спроведување на законите во борбата против корупцијата и перењето пари. Г.Холуб покрена прашање кое бара сериозна дискусија и за кое постои интерес од граѓаните на Европската унија, и предложи во иднина да се дебатира и за придонесот на Република Македопнија кон Европската унија како нејзина идна земја-членка. Беше посочено дека Националниот совет за евроинтеграции е соодветното тело кое може да покрене дебата и да даде одговор по оваа исклучително важна тема за европските граѓани бидејќи многу од нив ќе гласаат на референдум за идното пристапување на Република Македонија кон Европската унија.

***Амбасадорот на Република Бугарија во Република Македонија Н.Е. Иван Великов Петков***, во својство на претставник на земјата - актуелен претседавач со Советот на Европската унија изрази задоволството од извештаите на Европската комисија за 2018 година за земјите од Западен Балкан при што оцени дека се основа за практична реализација на Бугарското претседателството, за приоритетите за земјите од Западен Балкан, со конкретни чекори за забрзување на европската интеграција. Амбасадорот Петков ја поздрави безусловната препорака на Европската комисија до Советот за отпочнување на преговорите со Република Македонија и оцени дека овој успех за државата би бил невозможен без силните напори на Владата, Собранието и граѓанското општество. Беше изразено задоволство што Договорот за пријателство и добрососедство меѓу Македонија и Бугарија е нотиран во Извештајот на Европската комисија. Во однос на претстојниот Самитот што ќе се одржи во Софија, амбасадорот

Петков укажа дека лидерите на Европската унија ќе ги разгледаат можностите како да им помогнат на земјите од Западен Балкан, да ги забрзаат реформите за евроинтеграција, да ја подобрат врската со Унијата со конкретни иницијативи за подобрување на владеењето на правото, миграцијата, социоекономскиот развој, транспортната и дигиталната поврзаност, роамингот и добрососедските односи. Амбасадорот Петков информираше дека Република Бугарија ќе даде конкретни заклучоци до Советот кои ќе го потврдат значењето на политиката за проширување на Европската унија како клучен инструмент за мир, стабилност, за просперитет и трансформација на општествата на земјите кандидати и земјите потенцијални кандидати.

***Претседателот на Владата на Република Македонија г. Зоран Заев*** на почетокот од своето обраќање пред Националниот совет за евроинтеграции, истакна дека добивањето на чистата препорака за почеток на пристапните преговори за членство во ЕУ е настан на кој се горди сите граѓани на Република Македонија. За сите граѓани на Република Македонија, за Владата, за Собранието, препораката стигна како потврда за постигнатото и како силен мотив за следната тешка но достижна цел - одлука за почеток на преговорите на Република Македонија за членство во Европската унија, на Советот на министри во јуни годинава. Претседателот на Владата констатираше дека Република Македонија сега за разлика од периодот каде се наоѓаше пред точно една година, заедно со мнозинската волја на граѓаните, застаната е зад определбата на едно современо општество за сите. Претседателот на Владата г.Заев нагласи дека намерата на Владата е во јуни годинава Република Македонија да добие датум за почеток на преговорите со ЕУ и истовремено најави во следните два месеци поенергично продолжување на реформските и политичките процеси. Врз основа на Извештајот на Европската комисија, утврдени се следните итни реформски процеси во нов План за реформската динамика до крајот на 2018 година, за што се информирани високите претставници на Европската унија. Претседателот на Владата г.Заев истакна дека во изминатите десет месеци не пропуштил прилика да ја повика опозицијата да биде дел од конструктивните политики на Владата при што потсети дека активното учество во институциите и политичките процеси создава амбиент за судир на политички аргументи и усовршување на политиките што треба да се преземат во полза на сите граѓани на Македонија. Претседателот на Владата повика да се продолжи заедно со опозицијата и со поддршката на критичкото мислење на граѓанскиот сектор, да се работи заеднички и заедно да се носат одлуките за сите стратешки, граѓански, државни и национални интереси, вклучително и на обезбедување на широк граѓански и државен консензус во решавање на спорот со Грција.

***Заменикот на претседателот на Владата задолжен за европски прашања г. Бујар Османи*** се обрати пред Националниот совет за евроинтеграции при што нагласи дека Извештајот на Европската комисија за Република Македонија се однесува за 16 месеци и ја опфаќа работата на претходната и актуелната Влада. Истакна дека Извештајот по првпат дава споредба со земјите од регионот и можност за споредба на сработеното. Иако Македонија нема отворено ниту едно поглавје, додека некои земји имаат отворено 30 поглавја, сепак Република Македонија е прва во исполнувањето на економскиот дел и го дели првото/второто место со Црна Гора во политичкиот дел. Г. Бујар Османи позитивно го оцени учеството на опозицијата, како и во рамки на Националниот совет за европски интеграции, со кој раководи пратеник од опозицијата. Нагласи дека евроинтеграциите на Република Македонија се проект кој ја изразува апсолутната волја на граѓаните, со над 80% поддршка според анкетите, но исто така се должи и на сите политички партии, кои се посветени на процесот.

***Претседателот на Националниот совет за евроинтеграции г. Никола Попоски*** укажа дека за сите ќе биде подобро доколку се применуваат европските стандарди, и посочи дека земјата треба да премине на примената на законите, а не само на нивно усогласување со европските стандарди, дијалогот да биде отворен и инклузивен, а не толку далеку од јавноста. Г. Поповски препорача до Владата да биде отворена за критика и да се насочи кон критичките делови од извештајот за да ги подобри деловите кои се посочени, како и да се подобри економијата. Според г.Попоски, во минатото СДСМ како опозиција правела политички опструкции, но земјата економски напредувала, сега постои ситуација ВМРО-ДПМНЕ како опозиција да не прави никакви опструкции а државата економски да назадува. Тоа што треба да обединува во Националниот совет е интересот на граѓаните за членство во ЕУ и во таа насока Попоски констатираше дека Република Македонија е многу искусен кандидат. Констатираше дека искреноста е она што државата го извлече како поука во изминатите години. Попоски укажа дека успехот не зависи од тоа колку добри пораки ќе се испорачаат кон Европската унија туку колку добри резулатати ќе се испорачаат на крајот од денот. Според Попоски, одлуката за отпочнување на преговорите е политичка и сите земји-членки и нивните даночни обврзници треба да бидат убедени дека преговорите со Република Македонија се добри за нив или во најмала рака дека не се штетни. Беше потенцирано дека треба да се земат предвид сите досегашни препораки и истите да се спроведуваат, државата да се посвети на спроведувањето на законите, да постои вистински инклузивен и транспарентен дијалог во државата, не далеку од очите на јавноста, како и подготвеност за објективна критика. Претседателот на Советот г.Попоски укажа дека Европската комисија, интелегентно дава препорака за отпочнување на преговори и најавува дека наредниот период ќе го анализира скринингот на поглавјата 23 и 24, кој во некоја форма беше присутен и во Пристапниот дијалог на високо ниво.

**Потпретседателот на Националниот совет за евроинтеграции г-ца Ивана Туфегџиќ** во дискусијата потенцираше дека постои консензус помеѓу политичките чинители за евроинтеграциите на Република Македонија и во интерес на граѓаните. Според Туфегџиќ, Извештајот на Европската комисија за Република Македонија за 2018 година покажува дека постои созревање воопшто на политичката сцена во Република Македонија. Беше побарано од сите општествени чинители да имаат поголема одговорност во однос на тоа што го говорат во јавниот простор, сè со цел заеднички да придонесат во градење на поуспешна и подобра држава.

Во расправата по однос на Извештајот на Европската комисија за Република Македонија за 2018 година со свои дискусии, сугестии и препораки учествуваа: г-ѓа Лидија Димова директор на Националната агенција за европски програми и мобилност, г.Артан Груби претседател на Комисијата за европски прашања и член на Советот, г.Мартин Милошески од Националниот младински совет на Македонија, г.Насер Селмани од Здружението на новинарите на Македонија и член во Советот, г-ѓа Тања Каракамишева професор на Правен Факултет "Јустинијан први", г-ѓа Милева Ѓуровска од Европско движење во Република Македонија и г-ѓа Савка Тодоровска претставник од Граѓанска платформа на Македонија.

**Директорката на Националната агенција за европски програми и мобилност г-ѓа Лидија Димова** упати честитки за позитивниот Извештај на Европската комисија за Република Македонија и благодарност до претставникот од Делегацијата на Европската унија за тоа што наведе дека евроинтеграциите се процес во кој што се менува општеството. Како директор на Националната агенција за европски програми и мобилност

г-ѓа Димова најголем акцент во дискусијата даде на образованието. Покрај Извештајот, Димова се осврна на Стратегијата за проширување на Европската унија каде се нотира дека ќе се удвојат средствата за програмата Еразмус за периодот 2021-2027 година, имајќи предвид дека оваа програмата покажа дека има многу добра практика. Г-ѓа Димова истакна дека Национална агенција за европски програми и мобилност учествува во носењето на новите закони и смета дека со Законот за високо образование ќе се направи придонес во зголемувањето на приливот на странски односно европски студенти кои што ќе доаѓаат на студии во Република Македонија. Г-ѓа Димова информираше дека Националната агенција е повикана да биде дел од работната група за подготовката на Законот за основно образование, Законот за средно образование и Законот за млади. Во дискусијата г-ѓа Димова оцени дека е потребно да се спроведат механизми и нови начини за поуспешно да се апсорбираат повеќе средства кои Европската комисија планира да ги насочи кон регионот.

***Претседателот на Комисијата за европски прашања и член на Советот г. Артан Груби*** изнесе процедурална забелешка дека материјалите за седницата треба да бидат навремено преведени и доставени на албански јазик, пет дена пред одржувањето на седницата. Г.Груби истакна дека темите кои се од заеднички интерес на повеќе работни тела во Собранието на Република Македонија треба да се разгледуваат на заедничка седница.

***Координаторот за политика и надворешни односи во Националниот младинки совет на Македонија г. Мартин Милошески*** во дискусијата се осврна на делот од Извештајот на Европската комисија што се однесува на младинските организации. Тој наведе дека младинските организации во Република Македонија со своето делување учествуваат или применуваат европски практики и европски начини на креирање на младинските политики. Информираше дека младите луѓе од нашата држава имаат можност директно да учествуваат во давање препораки за идните текови на новата младинска стратегијата на Европската унија које ќе се донесе во 2019 година. Во дискусијата г.Милошески истакна дека Република Македонија е единствената држава од Западен Балкан која има неформален клуб за младински прашања и политики. Потенцираше дека на национално ниво треба да се даде поголема афирмација на процесите кои ја доближуваат Република Македонија до Европската унија. Само со заедничко делување на сите засегнати страни може да се случуваат промени односно заеднички да се постигне определен напредок.

***Претседателот на Здружението на новинарите на Македонија и член на Советот г. Насер Селмани***, во дискусијата укажа дека Република Македонија е далеку од сериозни реформи во медиумите. Истакна дека главната забелешка во Извештајот на Европската комисија, е политиката на неказнивост на нападите на новинарите, и дека најзначајната порака која Европската комисија ја испрати преку Извештајот е нултата толеранцијата кон физичките и вербалните напади на новинарите. Селмани укажа дека во слободните и демократски земји нема место за тепање и за заплашување на новинари, а кога до тоа сепак ќе дојде, институциите мора да имаат капацитет да водат ефикасни истраги за откривање и казнување на насилниците. Според г.Селмани, Европската комисија ја препознала потребата за длабока реформа во Македонската радио телевизија, особено во делот на институционалната и уредувачката независност. Истакна дека доколку и оваа година МРТ не стартува со ист буџет како оној од 2016 година, нејзината мисија ќе биде невозможно да се исполни. Селмани упати повик до власта да најде механизми за казнување на говорот на омраза, кој како појава е нотиран во Извештајот на Европската комисија. Упати пофалби за отвореноста на Владата, меѓутоа

посочи дека оваа практика не ја негуваат сите институции подеднакво. Според Селмани, Владата мора да најде начин да ја смени недемократската практика на одредени нејзини функционери затоа што бојкотирање на новинарите и медиумите, значи одбивање на отчетност кон граѓаните. Во дискусијата г. Селмани го поздрави учеството на опозицијата во процесот на медиумските реформи и апелираше сите да се вклучат конструктивно во амандманската расправа за Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и да помогнат да се изберат најдобрите кандидати во органите на Македонската радио телевизија и медиумскиот регулатор.

**Во дискусијата г-ѓа Тања Каракамишева, професор на Правниот факултет "Јустинијан први" од Скопје,** изрази благодарност до претседателот на Советот за можноста прв пат од постоењето на Националниот совет да се обрати со свое видување во однос на Извештај на Европската комисија. Во своето излагање г-ѓа Каракамишева беше фокусирана на исполнувањето на политичките критериуми, на остварување на вистинската заштита на човековите права, на правосудниот систем во целина, и на клучната детерминанта во правото на ЕУ - владеењето на правото. Нотираше неколку клучни недостатоци што не се содржани во Извештајот, а кои според Каракамишева мораат да бидат, не поради нечии лични желби или потреби, туку затоа што на граѓаните на Република Македонија им е потребен објективен извештај кој треба да ги детектира сите слабости на системот со цел да се работи во насока на пронаоѓање соодветни решенија за нивно надминување. Укажа дека Европската унија не смее да промовира селективно владеење на правото во земјата затоа што такво селективно владеење не се применува во ниту една земја членка на Европската унија. Владеењето на правото е еден од најважните принципи во сите земји членки на Европската унија, вклучително и во сите европски институции. Смета дека доколку во Република Македонија има владеење на правото такво какво што има во земјите членки на Европската унија, тогаш оваа позитивна препорака ќе биде заслужена. На Република Македонија потребни и се институции кои што максимално ќе бидат посветени на заштитатата на човековите права, но потребно е во меѓународниот систем исто така да се почитуваат фундаменталните права на сите и на секого без разлика од која држава доаѓаат и без разлика на каква етничка припадност припаѓаат. Според г-ѓа Каракамишева, Европската унија и НАТО немаат право да бараат дополнителни услови за зачленување или за започнување на преговорите. Доколку тие дополнителни услови важат за сите земји членкина ЕУ, тогаш треба да важат и за Република Македонија.

***Претседателката на Европското движење во Република Македонија, г-ѓа Милева Ѓуровска*** го сподели своето искуство во рамките на работењето на Националната конвенција за Европската унија во Република Македонија. Таа истакна дека станува збор за широка граѓанска платформа која што се обидува да изгради специфичен дијалог каде што ќе се дискутираат прашања за Европската унија, на еден поинаков начин каде што карактерот на дијалогот треба да биде инклузивен ,толерантен и многу стручен. Информираше дека во Националната конвенција се настојува да бидат вклучени чинители од различни сфери на општественото живеење. Во рамките на Националната конвенција веќе било дискутирано за 4 теми важни за функционирањето на нашето општество, посветени на подоброто искористување на ИПАРД фондовите, пазарот на трудот, судството и правдата, слободата и безбедноста во Република Македонија.

***Претставникот на Националниот совет за евроинтеграции од Граѓанската платформа на Македонија г-ѓа Савка Тодоровска*** се задржа на две компоненти од содржината на Извештајот на Европската комисија за република Македонија - за правата на жените во интерес на сите структури и подобрувањето на нивниот статус, вклучително и намалувањето на сиромаштијата кај жените. Како претседател и застапник на Националниот совет за родова рамноправност г-ѓа Тодоровска упати забелешка што само во две точки во целиот Извештај се споменати родовите прашања, односно во нашата држава има многу позитивни случувања кои би требало да бидат нотирани во Извештајот.

Седницата на Националниот совет за евроинтеграции заврши во 13.30 часот.

Составен дел на овој записник се стенографските белешки од Втората седница и списокот на присутни членови и претставници на Советот, и нивни заменици.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ
ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ
**Никола Попоски**

31-3573/1
20-06-2019

Раководител на Секторот за поддршка на
Националниот совет за евроинтеграции,
Даниела Велковска